Здружение на музички педагози
"Полихимниа"
Ул.Страшо Пинџур, 11-1/2 Скопје
Тел.075 220 406, 078 330 363
e-mail:polyhymniazmp@gmail.com
www.polyhymnia.com.mk

ЗМП Полихимниа Скопје

ПРЕДМЕТ: ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА X МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ ПОЛИХИМНИА 2026 ЗА СИТЕ ИНСТРУМЕНТИ И СИТЕ ВОЗРАСНИ ГРУПИ ВО СКОПЈЕ

Организација

Член 1

Организатор на Меѓународниот Фестивал е Здружение на музички педагози "Полихимниа"Скопје
Во рамки на Меѓународниот Фестивал се одржува:Меѓународен натпревар "Полихимниа" за сите инструменти од сите возрасни групи; Семинари; Концерти; Предавања и Работилници.
На Фестивалот ќе се организира **XI Меѓународен натпревар Полихимниа 2026г**. за следните дисциплини: пијано, гудачки инструменти, дрвени дувачки инструменти, соло пеење и камерна музика; кој ќе се реализира во Скопје **во живо.**

Натпреварувачите се распределени во неколку дисциплини и категории, каде секој од натпреварувачите треба да изведе **две композиции различни по карактер и стил**, ограничени со времетраење.

Цели и задачи

Член 2

Цели на фестивалот :
Развивање и осознавање на нови знаења и вештини
Размена на педагошко искуство
Афирмација на учениците и менторите
Воспоставување на конекции помеѓу учениците,менторите и различните држави

Цели на натпреварот :

Вреднување на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците
Рангирање според постигањата
Размена на педагошко искуство
Афирмација на учениците и наставниците

Органи на натпреварот

Член 3

Организационен одбор

Член 4

Организациониот одбор го избира Управниот одбор по предлог на Претседателот.

Член 5

Организациониот одбор ги има следните надлежности:

непосредно го организира натпреварот;
обезбедува финансиски средства;
ги контактира членовите на жири комисиите;
обезбедува сместување на гости и членови на комисиите;
обезбедува сали за натпреварот;
го објавува натпреварот во јавните медиуми;
обезбедува снимање на завршниот концерт на натпреварот;
обезбедува снимање на други концерти во рамки на Фестивалот;
и други работи за непречено одвивање на натпреварот и фестивалот.

Дисциплини

Член 6

Натпреварот на млади музичари се одржува секоја година во текот на месец март, април или мај и ги опфаќа следните категории:

А Дисциплина - ПИЈАНО
А 1 Дисциплина - ПИЈАНО ОБЛИГАТ
А 2 Дисциплина - ПИЈАНО ТЕОРЕТИЧАР
А 3 Дисциплина - ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ
А 4 Дисциплина - ВТОР ИНСТРУМЕНТ
Б Дисциплина - ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ
В Дисциплина – ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ
Г Дисциплина - КАМЕРНА МУЗИКА
Д Дисциплина - СОЛО ПЕЕЊЕ

Награди

Член 7

На Меѓународниот натпревар Полихимниа ќе бидат доделени прва, втора, трета награда и пофалница:

-Од 95 до 100 поени Прва награда
-Од 85 до 94,99 поени Втора награда
-Од 75 до 84,99 поени Трета награда
-Од 65 до 74,99 поени Пофалница

Бројот на награди е неограничен.
Учесниците кои ќе добијат 100 поени учествуваат на завршниот **Гала Концерт**,каде ќе се одберат најдобрите учесници на Натпреварот и ќе добијат пригодни и парични награди.
Комисијата има право да не додели награда во било која од категориите;

За бројот на доделени награди во категоријата одлучува жири-комисијата и нивната одлука е неотповиклива.

Изведувањето на освоените поени се врши со пресметување на аритметичка средина од вкупниот број на поени даден од страна на членовите на комисиите;

Жири комисии

Член 8

Членовите на жири комисиите се назначуваат од страна на организацискиот одбор на натпреварот.
Натпреварувачите се рангираат со доделување на поени од страна на комисија составена од 3-5 члена кои имаат остварено истакнати резултати во педагошката дејност и изведувачката дејност во поширокиот регион;

Член на жири комисија може да биде педагог,изведувач,предавач,на некој од инструментите опфатени со пропозициите од натпреварот,со истакната меѓународна активност на полето на педагогијата и изведувачката уметност.
Членовите на комисиите не смеат да гласаат за натпреварувачите со кои се во педагошка или роднинска врска. Во бодирањето на овие ученици ќе се пресметуваат поените дадени од останатите членови;
Секој член на комисијата врз основа на своето професионално искуство, врз основа на стекнатото професионално знаење и наоразба, врз основа на сопственото педагошко и изведувачко искуство, самостојно ги оценува, валоризира и вреднува сите натпреварувачи во својата категорија и се грижи за соодветноста и времетраењето на програмата која се изведува согласно пропишаните пропозиции;

Натпреварувачите имаат право да поднесат приговор,единствено до членовите од жири комисиите,кои ги разгледуваат и одлучуваат по добиените приговори;

Приговорот се доставува во рок од 2 часа од објавувањето на резултатите (по овој рок ќе се смета дека не е поднесен уреден приговор и истиот не е валиден).

Одлуките на жири комисијата се неотповикливи.

Други одредби

Член 9

Со пополнување на апликација за учество на натпреварот,натпреварувачите се согласуваат со општите и конкретни одредби и пропозиции на натпреварот,даваат одобрение за снимање и сликање на активностите,како и одобрение за објавување на истите.
Организаторот го задржува правото за снимање и објавување на снимениот материјал на социјалните мрежи,печатени медиуми,тв медиуми и друго,за потребите на натпреварот.

Секоја злоупотреба на објавените правилници,пропозиции и снимени материјали ќе следи соодветен законски одговор според законите на РСМ.

Скопје,09.01.2026
Организационен одбор:
Верица Шотаровска-прецедател
Николина Ефтимова Тодоровска-потпрецедател